ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ



Црквата во село Бач
снимила: Николина Василевска, наставничка од с. Бач

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

15

НОВАЦИ, 2019

ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ НОВАЦИ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

15

НОВАЦИ, 2019

Издавач
Пелагонски културно-научни средби
-Новаци, Битолско

За издавачот
Ѓорѓи Лазаревски

Главен и одговорен уредник
Ѓорѓи Лазаревски

Редакција
Ѓорѓи Лазаревски
Проф. д-р Благоја Брајановски
Панде Манојлов
Ристе Котевски
Јован Ѓуровски

Секретар на редакција
Трајан Митровски

Јазична редакција
Јазичната редакција на текстовите е извршена од самите автори

Компјутерска обработка
Ѓорѓи Лазаревски

ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ

ЗБОРНИК НАТРУДОВИ 15

НОВАЦИ, 2019

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3.09(062)(082)
304.2(062)(082)

ПЕЛАГОНСКИ културно-научни средби : зборник на трудови : 15 / [главен и одговорен уредник Ѓорѓи Лазаревски]. - Новаци : Пелагонски културно-научни средби, 2020. - 333 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон одделни трудови

ISBN 978-608-66193-7-4

а) Македонска книжевност - Собири - Зборници б) Општествени и културни прашања - Собири - Зборници

COBISS.MK-ID 51367685

Печатењето на Зборникот го помогна Министерство за култура на Република Северна Македонија.
Изразуваме голема благодарност.

Божин АНДОНОВСКИ

МЕСТОПОЛОЖБА НА БРНИК И КРАТКО ЗА ДЕМОГРАФСКАТА СОСТОЈБА НА СЕЛОТО

На источната страна од Битола, на оддалеченост од околу 35 километри асфалтен пат кој води преку селата: Логоварди, Новаци, Маково и Рапеш, а потоа уште околу еден до два километри патување по патот за Старавина, од десната страна се дели стрмен и земјен кривулест шумски пат со должина од околу 3 до 4 километри по кој се доаѓа до селото Брник. Тоа се наоѓа во реонот на Мариово, сместено во источниот дел на Селечка Планина и географска поставеност со координати 41° 04′ 54″ СГШ и 21° 38′ 26″ ИГД и со надморска височина од 713 метри.

Погоре споменатиот земјен шумски пат кој се дели од старавинскиот асфалтен пат и води за Брник е пат од поново време кој беше пробиен во 1986/1987 година, а со цел до селото да може да се стигнува со моторно возило.

Брник е опкружено со неколку синџори и села. На исток се граничи со Црна Река, Старавинскиот Синџор и селото Старавина, на западната страна се граничи со Ореовскиот Рид и селото Долно Ореово, на север - со Рапешкиот Синџор и селото Рапеш, на северозапад - со Маковскиот Синџор и селото Маково, ана југ - со Ивенскиот Синџор и селото Ивени. Исто така, на јужната страна веднаш до селото тече и Брничка Река.

Атарот на село Брник го сочинуваат повеќе карактеристични локации со следните топоними: Лозеите, Венецот, Џумба, Барата, Студенец, Лоа, Смесите, Трнките, Чуката, Гарван, Боркоец, Гробот, Коритото, Чалиите, Рошје, Крушите, Крсто, Белутракот, Пладновиштето, Пчелата, Габерот, Меригас, Митина Стена, Прданови Огништа, Тумба, Остригите, Казарникот, Минчоа Ливада, Долоа Пештера, Дошоа Ливада, Црвена Стена и други. Помеѓу сите овие локации, како повеќе споменувани места беа: Боркоец - познат по ладните сенки, Дошоа Ливада – место познато по кладенецот со прекрасна студена вода, потоа Студенец - каде што поголем број брничани ги прележувале своите стада овци преку летото и Лозеите - како најблиска локација до селото Брник.

Според истражувањата на Никола Миновски и Владо Темелковски[67]: „Селото Брник како населба го среќаваме во турските пописни дефтери од

---

[67]Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни пописи дефтери, том 5 книга 3, Скопје 1982 година, стр. 469 кај

16 век. Но, како што рековме, поради оддалеченоста од комуникациите, Брник за разлика од други села поретко се споменува во турските документи и историската литература. Така, селото Брник во турскиот пописен дефтер од 1570 година го среќаваме како тимар (имот) кој му припаѓал на некој си спахија Оруч. Според истиот документ во таа година селото било должно да плати данок на споменатиот спахија и се наведуваат лицата кои требало да го платат данокот:Јано Богдан, Димитри Јано, Димко Богдан, Стале Ѓурко (неженет), Димитри Велко, Пејо Думко, Петко Поп (неженет), Данко Петко (неженет) и Ѓурко Стале (неженет)".

Исто така, се вели дека дека Брник никогаш не била некоја голема населба, односно според Јанаки Стрезов, во 1880 година се бележи дека Брник имало 20 куќи со 87 жители. Стефан Верковиќ во 1889 година го регистрирал со 75 мажи и 83 жени, додека пак Австроунгарскиот конзул Аугуст Крал во 1897 година, Брник го забележал со 25 куќи и 114 жители. Васил К'нчов во 1900 година Брник го забележал со 196 жители.

За периодот од 1900 – 1950 година не биле најдени некои податоци за бројот на населението во Брник, а со пописот од 1953 година биле регистрирани 228 жители од кои 123 машки и 105 женски, а писмени биле само 72 жители. Со пописот во 1961 година биле регистрирани 215 жители, 117 мажи и 98 жени и 23 доселени омажени во Брник. Понатаму во истата книга се вели дека од 1961 до 1982 година, во Брник започнало масовно иселување. Во главно, иселувањето било во Битола и во Австралија, но и во некои поблиски битолски села. При една нивна посета во 1986 година во таа година во Брник имало само 17 жители, претежно постари, а најмладиот имал 40 години.

Сите семејства што живееја во село Брник беа од македонска националност со православна вероисповед.

Брник никогаш не било некое големо село. Најмногу броело од четириесет до педесет куќи. Непристапниот терен, а со тоа и лошите услови за живот, секогаш брничани ги терале да размислуваат на заминување од селото. Некои се иселувале во поближните села, како во селото Долно Ореово, некои во Битола, а некои пак заминувале на печалба во странски земји, особено во Австралија. Најголемото иселување се случувало во седумдесеттите и осумдесеттите години од минатиот век. Така, во 2003 година, Брник остана само со тројцата жители: брачниот пар Спасе и Доста Марковски и Бино Стојановски. Пролетта во истата година се случи и грозоморното убиство на Доста Марковска. Со тој немил настан, како да заврши и животот во Брник. Бидејќи во 2004 година, селото целосно се испразни до последниот жител. Единствен жител кој остана достоен на

Миновски, Н. и Темелковски, В. (2005). *Селото Брник без брничани,* НУ Завод за музеј, Битола, стр. 5

своето село, иако не е роден брничанец туку земен како раненик на десетгодишна возраст, беше Бино Стојановски. Тој и по иселувањето во 2004 година, речиси до крајот на својот живот преку летото често пати доаѓаше во Брник и престојуваше на повеќе денови, недели па и месеци.

Во периодот кој следеше по пробивањето на патот и низ годините потоа, се направија две нови викендички. Најпрво во 1992/1993 година, се дадоа во градба Петре и неговиот син Ванчо од фамилијата Дуповци, а подоцна околу 2010/2011 година - и Трајко и Суна од фамилијата Румбовци изградија викендичка. Се разбира, во тие години овие градби како да влеаја некоја надеж за поново заживување на селото, но гледајќи ја сегашната ситуација, тоа не е воопшто така.

СЕМЕЈСТВА КОИ ЖИВЕЕЛЕ ВО СЕЛО БРНИК ОД ПОЧЕТОКОТ НА ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК ДО НЕГОВОТО ЦЕЛОСНО ИСЕЛУВАЊЕ 2003/2004 ГОДИНА

Во продолжение се прикажани семејствата кои живееле во Брник. Кај некои фамилијарни имиња ставени се и презимиња кои ги носела таа фамилија, но со текот на ширењето на семејствата се добивале и нови презимиња[68].

ЛОПАТИЧАНИ (со презиме Костовски)
ТРАЈКО И СТОЈНА (со презиме Костовски) Дојдоа да живеат во Брник од Прилепска Лопатица и од таму го добиле и името Лопатичани.
Нивни деца: Недан и Чона

НЕДАН КОСТОВСКИ се оженил за ПЕТРА ТИКВЕШОА
Нивни деца:Трајко, Арса, Грозда и Китан (1914/1915 год.).
НЕДАН имал и втор брак со СТАМЕНА од Фамилијата ЈАНЧЕВЦИ
Со неа имал уште две деца: Петкана (1919 год.) и Трајан (1923 год.).
ЧОНА се омажила за ТРАЈКО од село Брник
Нивни деца: Стојан (Крке), Неда, Ѕвезда, Стојна и Недан
ТРАЈКО се оженил со СТАНА од Рапеш
Нивни деца: Стојна, Стамена и Рада.
АРСА се омажила за ТРАЈАН од Брник. Со Трајан немале деца.
АРСА имала и втор брак со КОЛЕ од Добровени.
Нивни деца: Велика
ГРОЗДА се омажила за СТОЈКО (Писанико) од Груништа
Нивни деца: Ѕвезда, Павле, Марија, Митра, Доста, Јован, Недан (1945 год.), Милан (1949 год.) и Петра (1951год.).

---

[68] Андоновски, Б. (2019). Оживеани искри: Спомени и сеќавања за Брник (трилогија). Битола: Графопром.

КИТАН се оженил со ТРАЈАНКА од Грумази.
Нивни деца:Тодор (1942 год.)
КИТАН имал и втор брак со ЉУБА од село Добровени.
Нивни деца: Богоја (1951 год,), Петра (1953 год.), Тало (1955 год.) и Гоце (1957 год.).
ПЕТКАНА се омажила за НАЈДО од Маково
Нивни деца: Цвета (1946 год.)
ПЕТКАНА имала и втор брак со ВАНГЕЛ Чорапо од село Рапеш
Нивни деца: Веле (1955 год.)
И ВАНГЕЛ исто така претходно имал брак со друга жена со којаимале син по име Иљо.

ТРАЈАН (1923) се оженил со ЕЛЕНА (1920) од фамилијата Головци од Ивени.
Нивни деца: Трајко (1942 год.), Недан (1945 год.), Лоза (1949 год.) и Косанка (1952 год.).
СТОЈАН (Крке) се оженил со жена од село Ивени
Имаа една ќерка по име Трајанка (1942 год.)
НЕДА се омажила за КРСТЕ од село Маково
Нивни деца: Марија (1923 год.), Митра (1925 год.), Цвета (1927 год.), Филип (1931 год.- 2018 год.) и Роса (1935 год.).
МАРИЈА се омажила за ЃОРЃИ од село Долно Ореово.
Нивни деца: Љуба (1947 год.), Трајан (1951 год.), Трена (1953 год.), Живко (1956 год.) и Горица (1959 год.).
МИТРА се омажила за БЛАЖЕ од село Маково.
Нивни деца: Насто (1949/50 год.), Неда (1953 год.), Пецо (1956 год.) и Љуба (1959/60 год.)
ЦВЕТА се омажила за МЕТОДИЈА од с. Долно Ореово.
Нивни деца: Гило (1951 год.), Бранко (1954 год.), Михаил (1957 год.), Магда (1959 год.) и Лазо (1963/64 год.).
ФИЛИП се оженил со СРЕБРА од село Маково.
Нивни деца: Ленка (1954 год.), Олгица (1955 год.), Менка (1958 год.), Горица (1959 год.) и Мендо (1963/64 год.).
РОСА се омажила за ПЕТРЕ од село Суводол.
Нивни деца: Милева (1959 год.) и Љупчо.
SВЕЗДА се омажила за ..... во село Маково.
Нивни деца: Ристе, Видан, Султа и Китан.
SВЕЗДА имала и втор брак со АЦЕ (земен како домазет). Имаат син по име Кире.

СТОЈНА се омажила за ИЉО во село Ивени во фамилијата на Головци.
Нивни деца: Ставре, Трајко (1935 год.–2015 год.), Спасе и Sвезда

НЕДАН се оженил со .....
Нивни деца: Трајко, Паца и Чона.

СТОЈНА се омажила за МИТРЕ од село Бешишта.
Нивни деца: Стана (1948 год.), Славка (1950 год.), Менка (1952 год.), Тода (1956 год.) и Горица.
СТАМЕНА се омажила за БЛАЖЕ БАЛОВ од село Брник.
Немаа деца.
РАДА се омажила за МИТРЕ од фамилијата Жбоновци од село Брник.
Нивни деца: Гоце (1956 год.), Тодорка и Трајан (Таце).
ВЕЛИКА се омажила за ЛАЗО ГАГАЛЕВСКИ од некое село во Струшко.
Нивни деца: Живко, Коле и Лена.
ПАВЛЕ се оженил со ИЛИНКА од Груништа.
Нивни деца: Иљо и Горде.
SBEЗДА се омажи за ТРАЈКО МИРОВ од с.Старавина.
Немаа деца.
МАРИЈА се омажила за МИЦЕ од село Зовиќ.
Нивни деца: Цане, Нада и Милена.
МИТРА се омажила за БОГОЈА (Боше) од Будимирци.
Нивни деца: Јован - Јоше (1956 год.) и Чона.
ДОСТА се омажила за ВЛАДО од Зовиќ.
Нивни деца: Ковила, Елица и Ѓурѓа.
ЈОВАН се оженил со ВЕРА.
Нивни деца: Томас и Тони.
НЕДАН се оженил за КОЦА од село Горно Оризари.
Нивни деца: Гоце и Ратка.
МИЛАН се оженил со НАДА од село Бистрица.
Нивни деца:Пецо, Владо и Тони.

ПЕТРА се омажила за ИЉО од село Старавина.
Нивни деца: Весна (1980 год.) и Ирена.
ТОДОР се оженил со БЛАГА.
Немале деца.
БОГОЈА се оженил со ЉУБА од село Брод.
Нивни деца: Весна (1979 год.) и Илче.
ПЕТРА се омажила за ТИТО од село Цапари.
Нивни деца: Благојче (1973 год.) и Тони (1979 год.)
ТАЉО се оженил со ЈОВАНКА од село Кравари.
Нивни деца: Жана (1981 год.) и Николче.
ГОЦЕ се оженил со ДРАГИЦА од село Кравари.
Нивни деца: Јасмина (1981/82 год.) и Игор (1982/83 год.).
ЦВЕТА се омажила за АЛЕКСО (Гамата) од Рапеш.

Нивни деца: Спасе, Роза и Бале.
ВЕЛЕ се оженил со ЈАНА од село Полчишта.
Нивни деца: Пеша (1976 год.), Цвета и Валентина (1981 год.).
ТРАЈКО се оженил со ЦВЕТА од село Билјаник.
Нивни деца: Зоран (1968 год.) и Елена (1973 год.).
НЕДАН се оженил со ЦЕНА од село Новаци.
Нивни деца: Менде (1970 год.) и Кире (1973 год.)
ЛОЗА се омажила за ДОНЧО од село Вашарејца.
Нивни деца: Благојче (1970 год.) и Горан (1977 год.).
КОСАНКА се омажила за БОЖИН (Боне), со презиме АНДОНОВСКИ од село Врањевци.
Нивни деца: Даниела (1979 год.) и Билјана (1981 год.)
ЗОРАН се оженил со ВЕСНА од Горно Оризари.
Нивни деца: Јове (1999 год.) и Андреј (2002 год.)
ЕЛЕНА се омажила за ВЛАДЕ ЛУТЕВСКИ.
Нивни деца: Ивана и Даниел.
МЕНДЕ се оженил со ЕЛИЗАБЕТА.
Нивни деца: Александар.

КИРЕ се оженил со МОНИКА од Прилеп со потекло од село Ношпал.
Нивни деца: Симона, Ивона и Леонид.
БЛАГОЈЧЕ се оженил со СУЗАНА.
Нивни деца: Александар (2003 год.) и Николс (2006 год.).
ДАНИЕЛА се омажила за ИГОР ТРАЈКОВСКИ од Битола со потекло од Чарлија.
Нивни деца: Васко (2003 год.) и Ева (2007 год.).
БИЛЈАНАсе омажила за ЗОРАН ФИЛОВСКИ од Битола.
Нивни деца: Магдалена (2002 год.) и Ангела (2004 год.).

БОШКОВЦИ со презиме Бошковски
БОШКО и РИЗАимале син по име Видан
ВИДАН се оженил за ЈАНА.
Нивни деца: Јован, Петко, Бошко, Јованка, Кита, Трајан и Малинка и Неда.
ЈОВАН се оженил со КОПРИНА од село Брник.
Немале деца.
ПЕТКО билучесник во Народно Ослободителната Борба од 1944-1945 година и таму загина.
БОШКО се оженил со НЕДА од Брник.
Нивни деца: Драгица (1954 год.), Јованка (Вана) и Цане.
ЈОВАНКА се омажила за Трајко од село Рапеш.
Нивни деца: Митре,Христо и Нада.
КИТА се омажилаза ГРОЗДАН од село Маково.

Нивни деца: Слободанка, Младен, Бале и Борче.
ТРАЈАН се оженил со ЈОВАНКА (ВАНКА) од село Брник.
Нивни деца: Љуба, Бале и Ѓорѓи.

МАЛИНКА се омажила за маж од село Беранци.
Нивни деца: Маре, Дијана, Жане и Давид (Дејвид).
НЕДА се омажила за ПЕТРЕ од Брник.
Нивни деца: Љубе (1956 год.), Живко, Тоде и Мендо.
ДРАГИЦА се омажила за ВАСКО од село Рибарци.
Нивни деца: Аце и Златко.
ЈОВАНКА (Вана) се омажила за ТОМЕ во Битола.
Нивни деца: Васко и Јасмина.
ЦАНЕ се оженил со БОЈАНА од село Зовиќ.
Нивни деца: Дарко и Горан.
МИТРЕ се оженил со ПЕРА од село Мегленци.
Нивни деца: Гоце и Зоран.
ХРИСТО се оженил за ЛЕТКА од Кременица.
Немале деца.
ЉУБА се омажила за ДИМЧЕ од село Мегленци.
Нивни деца: Оливер и Игор.
БАЛЕ се оженил со ЛЕТКА од село Чаништа.
Нивни деца: Тоде и Николче.
ЃОРЃИ се оженил со ВЕРА од Република Албанија.
Нивни деца: Аце и Христијан.
МАРЕ се омажи во Австралија.
Нивни деца: Имаат едно женско дете.
ДИЈАНАсе омажила исто така во Австралија.
Нивни деца: Имаат две машки деца.
ДАВИД (ДЕЈВИД) се оженил со жена од село Могила.
Нивни деца: Имаат две машки деца.

ДУПОВЦИ
РИСТЕ И КАТЕРИНА.
Нивни деца: Петре и Цвета.

ПЕТРЕ се оженил со ВЕЛИКА од село Груништа.
Нивни деца: Ванчо и Славка.
ЦВЕТА се омажила за СТАВРЕ (Голов) од Ивени.
Нивни деца: Ило и ...

ДОЛЕВЦИ
ТРАЈКО (за името на жената не се најдени податоци).

Нивни деца: Митре, Миланка, Ристе и Стојо
МИТРЕ се оженил со ЉУБА од село Бистрица.
Нивни деца: Цвета, Блаже, Лена, Тода, Трајко и Јагода.
МИЛАНКА била посвоена во фамилијата Тодорчевци (Мечкарови), а потоа се омажила за АЛЕКСАНДАР (Лецо) од село Ивени.
Нивни деца: Трајанка, Свилена, Ковилка,Милена и ...
РИСТЕ се оженил со ПЕТРА од село Брник.
Нивни деца: Драги (1952 год.), Доќа (Дола), и Лена.
ДРАГИ живее во Австралија.
ДОЌА се омажила во Битола.
ЛЕНА ... (нема податоци)

БАЧОВЦИ: Со презиме Стојановски
Ристе и Димитрија(Дичо) се Браќа и од Татко и од Мајка, а Велика, Минаи Тодор се од иста мајка а друг татко.
РИСТЕ се оженил со ПАЦА од село Долно Ореово.
Нивни деца: Дуна (1945 год.), Трајко (1955 год.) и Ило (1959 год.).

ДИМИТРИЈА-Дичо не се оженил. Пасејќи ги овците, настрадал од гром.
ДУНА се омажила за МИЛЕ од село Билјаник, а потоа заминала за Америка. Таму живее и сега.
Нивни деца: Слободан, Владе и Снежана.
ТРАЈКО се оженил со МЕНКА од село Будимирци.
Нивни деца: Билјана (1980 год.) и Мендо (1983 год.).
ИЉО се оженил со БИСЕРА од село Витолиште.
Нивни деца: Паце (1985 год.) и Благојче (1988 год.).
МЕНДО се оженил со МИРЈАНА од село Билјаник.
Нивни деца: Димитар (2007 год.) и Елена.
БИЛЈАНА се омажила за НИКОЛА од село Бистрица.
Нивни деца: Константин и Филип.
ПАЦЕ се омажила за РАСЛАВ од Битола.
Нивни деца: Сара и Ива.
МИНА се омажила за НАЈДО од село Ивени.
Нивни деца: Петре, Павле, Маслина, Звезда, Митре, Алексо, Сокле, Видан и Борис.
ВЕЛИКА се омажилаза РИСТЕ од село Рапеш.
Нивни деца: Трајко, Тода, Велика, Пеша и ...
ПЕТРЕ се оженил со ЗОРА.
Нивни деца: Златко и Лиле.
ПАВЛЕ се оженил со ЈАГОДА.
Нивни деца: Имаа две ќерки.
ПАВЛЕ имал и втор брак со ЉУБИЦА и син со име Горан.

МАСЛИНА се омажила со ПЕТКО од село Ивени.
Нивни деца: Љубинка и Добрила.

SBEЗДА се омажила за ТРАЈАН од село Плог.
Немале деца.
МИТРЕ се оженил со ПАРА од село Брник.
Имаат две ќерки:Роза и ...
АЛЕКСО се оженил со МИЛИЦА.
Нивни деца: Пеце и Валентина.
СОКЛЕ се оженил со СЛАВКА.
Нивни деца: Имаат два сина.
ВИДАН се оженил со ...
БОРИС живее во Франција.

НИШАНЏИОВЦИ со презиме Стојановски
Митре и Менка.
АТАНАС доѓол домазет за МЕНКА.
Немале деца.
МИТРЕ се оженил со жена од Брник.
Нивни деца: Малинка и Стојан.
МАЛИНКА се омажила за СТОЈАН од село Зовиќ – дојден како домазет во село Брник.
Нивни деца: Стаќа (1942 год.), Крсте (1948 год.), Менка, Пецо и Горица.
СТОЈАН се оженил со ВЕЛИКА од село Брник.
Нивни деца: Цане (1952 год.), Аце (1954 год.) и Ване.
СТАЌА се омажила за КОЛЕ од село Рапеш.
Нивни деца ...
КРСТЕ се ожени со ...
Нивни деца: ... (Живеат во Австралија)
ПЕЦО се оженил со ПАЦА од село Брник.
Нивни деца: ...
ГОРИЦА ... (нема податоци)
АЦЕ се оженил со ЦВЕТА.
Нивни деца: Имаат две ќерки.

ВАНЕ...(нема податоци).

ЖБОНОВЦИ со презиме Марковски
Стојан, Јован и Цветко.
СТОЈАН се оженил со ЦВЕТА.
Нивни деца: Трајан, Митре, Велика, Каравила и Спасе.
ЈОВАН се оженил со РИСТАНА.

Нивни деца: Менка, Марко, Ристе, Стојанка и Паца.
ТРАЈАН се оженил со ТЕМЈАНА од село Чаништа.
Немале деца.
МИТРЕ се оженил со РАДА од село Брник.
Нивни деца: Гоце (1956 год.), Тодорка и Трајан.
ВЕЛИКА се омажила за АЛЕКСО од село Ивени.
Нивни деца: Васко, Мендо и Јаворка.
КАРАВИЛА е почината и не се мажела.
СПАСЕ се ожени со ДОСТА од село Брник.
Нивни деца: Даринка, Пецо и Стојан.
МЕНКА се омажила за ВЕЛЈАН (Полупачо) од село долно Ореово.
Нивни деца: Ѓорѓи (1942 год.), Митра, Трајанка (1953 год.) и Јагода (1958 год.).
МАРКО се оженил со МАРА од село Старавина.
Нивни деца: Роса (1948 год.), Блаже (1952 год.) и Милена (1957/58 год.)
РИСТЕ се оженил со БОЖНА од село Брник.
Нивни деца: Раде (1954 год.), Малинка, Славинка и Летка.
СТОЈАНКА се омажила за ПАВЛЕ од село Полог.
Нивни деца: Славе, Ристе, Живко и ...
ПАЦА се омажила за ВАНГЕЛ од село Брник.
Нивни деца: Роза и Душко.

ГОЦЕ се оженил со ЈОВАНКА од Демихисарско.
Немаа деца.
ТОДОРКА се омажила за ПЕЦО од Битола со смилевско потекло.
Имале една ќерка по име Павлина.
ТРАЈАН се оженил со ЏУНЏА одсело Гнилеш.
Нивни деца:Никола и Пецо
ДАРИНКА се омажила за ВАНЧО од село Сливица.
Нивни деца: Весна и Даница
ПЕЦО се оженил со БЛАГОЈКА од Брник.
Нивни деца: Илче и Елица
СТОЈАН се оженил со ЕЛИЗАБЕТА од село Мојно.
Нивни деца: Горан и Цветанка
ЃОРЃИ се оженилсо РОСА од село Полог.
Нивни деца: Оливера и Злате.
МИТРА се омажила во Долно Ореово.
Имаат две машки деца.
ТРАЈАНКА се омажила за МИЛЕ.
Нивни деца: ...
ЈАГОДА се омажила за ВЕЛЕ од село Врањевци.

Нивни деца: Горан (1979 год.) и Тони (1985 год.). Сега сите живеат во Австралија.
РОСА се омажи за... во Австралија.
Нивни деца: ... Имаат две деца.
БЛАЖЕ еден период живел во Данска. Таму бил оженет и има две ќерки од тој браккои и денес живеат таму. Блаже сега живее во Битола со друга жена.
МИЛЕНА се омажила за ...Сега живее во Данска.
Нивни деца: ...

РАДЕ се оженил со ВЕРКА од село Полчишта
Нивни деца ... Имаат две деца (машко и женско).
МАЛИНКА се омажила за ... сега живее сама.
Нивни деца: ... Имаат едно дете.
СЛАВИНКА се омажила за ЉУПЧО во Битола.
Нивни деца ...
ЛЕТКА се омажила за ... (живее во Данска)
Нивни деца: ...

НЕШИНИ
ПЕТКО и МЕНКА
Петко бил дојден како домазет во Брник
Нивни деца: Митра и Крста.
МИТРА се омажила за ОРДАН од село Брник.
Нивни деца: Бала (1948 год.), Цане (1952 год.), Пецо, Верка, Јагода и Алексо.
Фамилијарно заминале да живеат во Австралија.
КРСТА се омажила за СТАВРЕ од село Будимирци кој дошол домазет во Брник.
Нивни деца: Митре (1948 год.), Менка (1953 год.) и Пецо.
МИТРЕ се оженил со ПИСАНА
Нивни деца: ... Сите живеат во Австралија.
МЕНКА се омажила за ... во Бугарија.
Нивни деца: Имаат два сина.
ПЕЦО се оженил со ... Живее во село Лавци.
Нивни деца: ...

ЈАНЕВЦИ
РИСТЕ и АНЃА.
Нивни деца: Петко, Велко, Љуба и Стојна.
ПЕТКО се оженил со БОЖАНА од село Маково.
Нивни деца: Ѓорѓи.

ВЕЛКО се оженил со ДОБРИНКА (која почина),а потоа имаше и втор брак со ВУКАНА, двете од Црна Гора.
Негови деца со Добринка: Ристе (1952 год.), Стојна (1955 год.) и Јане.
Негови деца со Вукана: Снежана (1963 год.) и Благоја.
РИСТЕ се оженил со ВАСКА од Битола.
Нивни деца: Каролина, Никола и Боби.
СТОЈНА се омажила за ДРАГИ (Драги сега е починат).
Нивни деца: Оливер и Бети.
ЈАНЕ се оженил со ЈОВАНКА од Битола.
Нивни Деца: Игор и Пеце.
СНЕЖАНА се омажила за ВЛАДЕ од Битола.
Нивни деца: Илче и Елена.
БЛАГОЈА се оженил со ЖИВКА и живее во Барешани.
Нивни деца: Маја и Симона.
ЉУБА се омажила за МИТРЕ БАЛОВ од село Брник.
Нивни деца: Рада (1948 год.), Велика (1950 год.) и Веселин (1952 год.)
СТОЈНА се омажила за СТОЈАН во село Ивени.
Нивни деца: Милица (1952 год.), Славинка и Ратка.
ЃОРЃИ се оженил со ЦВЕТА од Битола.
Нивни деца: ...

ТРПЧЕВЦИ
ВАНГЕЛ и ПЕТКАНА.
Нивни деца: Раде, Трпе и Јана.
РАДЕ се оженил со ВЕЛИКА од село Суводол.
Нивни деца: Вангел (1954 год.), Горица, Милан и Веселинка (Леша).

ТРПЕ се оженил за КОСТАДИНКА од село Рапеш.
Нивни деца: Гоце и Виолета.
ЈАНА се омажила за ТРАЈКО од село Брник.
Нивни деца: Борче (1960 год.), Васко (1962 год.), Сузана (1964 год.) и Вецко.
ВАНГЕЛ се оженил со СЛОБОДАНКА од село Српци.
Нивни деца: Весна и Лидија.
ГОРИЦА се омажила за ВЕЛЕ од село Балдовенци.
Имаат едно дете по име Томислав.
МИЛАН не се женеше и живее во Битола.
ВЕСЕЛИНКА се омажила за ...
Нивни деца: Ана и Никола.
ГОЦЕ се оженил со СЛОБОДАНКА од село Лавци.
Нивни деца: Дарко и Виктор.
ВИОЛЕТА се омажила за ПЕЦЕ од село Драгош.

Имаат едно дете се вика Филип.
БОРЧЕ се оженил со ЛИДИЈА.
Нивни деца: Илче и Мартин.
ВАСКО се оженил со ВЕРА од Село Јанкоец (ресенско).
Нивни деца: Татјана и Марија.
СУЗАНА се омажила за РИСТЕ (ИЦЕ) од село Старавина.
Имаат ќерка Ивона.

СТОЈОВЦИ
СЛАВЕ и НЕВЕНА.
Нивни деца: Трајко и Грозда.
ТРАЈКО се оженил со ЈАНА од село Брник.
Нивни деца: Борче, Васко, Сузана и Вецко.

ГРОЗДА се омажила за СТОЈКО од село Брник.
Нивни деца: Живко (1954 год.), Веселинка (1956 год.), Ристе и Димче.
БОРЧЕ се оженил со ЛИДИЈА.
Нивни деца: Илче и Мартин.
ВАСКО се оженил со ВЕРА од село Јанкоец (ресенско).
Нивни деца: Татјана и Маријана.
СУЗАНА се омажила за РИСТЕ (ИЦЕ) од село Старавина.
Имаат една ќерка, Ивона.
ВЕЦКО се оженил со БЛАГА од село Сопотница.
Имаат една ќерка, Ангела.
ЖИВКО се оженил со ТОДА од село Градешница.
Нивни деца: Елица и Владо.
ВЕСЕЛИНКА се омажила за ТОМЕ од село Барешани.
Нивни деца: Марија и Христина.
РИСТЕ не е оженет.
ДИМЧЕ се оженил за СОЊА од село Бучин.

БОГОЈОВЦИ со презиме Богојовски
Павле, Атанас и Никола.
ПАВЛЕ се ожени со ПЕТКАНА од село Брник.
Нивни деца: Ордан, Јасна, Ило и Алексо.
ОРДАН се оженил со МИТРА од село Брник.
Нивни деца: Бала, Цане, Пецо, Верка, Јагода и Алексо.
ЈАСНА се омажила за ВИДАН од село Долно Ореово.
Нивни деца: Лилјана (1948 год.), Данче (1951/52 год.) и Славица (1953 год.).

ИЉО се оженил со АНГЕЛИНА од село Брник.
Нивни деца: Ицо Петкана и Иле.

АЛЕКСО во несреќен случај загинал. Не бил женет.
АТАНАС се оженил со МАРА од село Чаништа.
Нивни деца: Стојан.
СТОЈАН се оженил со ВАНКА од село Балдовенци.
Деца на Ванка: Пецо (1953 год.) и Трајанка донесени од Балдовенци.
Деца на Стојан и Ванка: Боне, Васко, Тони, Мара и Зоран.
НИКОЛА се оженил со МЕНКА од село Брник.
Нивни деца: Имаат една ќерка по име Коприна.

НИКОЛОВЦИ
Трајан, Цвета (брат и сестра) и Димитрија (нивни братучед).
ТРАЈАН немал свое семејство.
ЦВЕТА се омажила за ШПИРО кој дошол како домазет од село Зовиќ.
Нивни деца: Никола, Лоринка,Велика и Стојанка.
ДИМИТРИЈА се оженил ...
Нивни деца: Алексо.
НИКОЛА се оженил со МЕНКА од село Брник.
Нивни деца: Јордан (1954 год.), Нада (1956 год. и Неда (1956 год.)
ЛОРИНКА се омажила за ...
ВЕЛИКА се омажила за СТОЈАН од село Брник.
Нивни деца: Тодорка.Сите живеат во Австралија.
СТОЈАНКА се омажила за ТОДЕ од село Зовиќ.
Нивни деца: ... Имаат две деца.
ДИМИТРИЈА (Диме) и ...
Нивни деца: Алексо и ...

АЛЕКСО се оженил со ВОДИЧКА од село Брник.
Нивни деца: Петкана (1948 год.), Блаже (1951 год.) и Димитрија (1955 год.).
ПЕТКАНА заминала за Австралија и таму се омажила. Имаат две деца: син и ќерка
БЛАЖЕ се оженил со Лена од село Сливица.
Нивни деца: Јасмина и Александар.
ДИМИТРИЈА се оженил со Илинка од село Мегленци.
Нивни деца: Весна и ...

БАЛОВЦИ
ТРАЈКО и ...
Нивни деца: Митре, Блаже, Доста, Менка и Анѓа.
МИТРЕ се оженил со ЉУБА од село Брник.
Нивни деца: Рада (1948 год.), Велика (1950 год.) и Веселин (1952 год.).
БЛАЖЕ се оженил со СТАМЕНА од село Брник.
БЛАЖЕ имал и втор брак со САРАКИНКА (Цара)

Немале деца.
ДОСТА се омажила за СПАСЕ од село Ивени.
Нивни деца: Роза и Благојче.
МЕНКА се омажила за НИКОЛА од село Брник.
Нивни деца: Јордан, Нада и Неда.
АНЃА се омажила за СТЕВО од село Рапеш.
Нивни деца: Мирче и Зорка
РАДА се омажила за ЈОСИФ од Битола.
Нивни деца: Имаат две деца.
ВЕЛИКА се омажила за ... во Австралија.
Нивни деца: ... Имаат две ќерки.
ВЕСЕЛИН се оженил за ДАНЧЕ од село Вашарејца.
Нивни деца: ... Имаат три деца сите живеат во Австралија.
РОЗА се омажила за ... Со фамилијата живее во Австралија.
БЛАГОЈЧЕ се оженил со ... Со фамилијата живее во Австралија. Имаат едно дете.
ЈОРДАН се оженил со МАРЕ.
Немаат деца.
НАДА се омажилза ... од Битола.
Нивни деца: Имаат две деца.
НЕДА се омажила за ...од Битола.
Нивни деца: Имаат две деца.

ПЕТКОЈЧИНИ
ПЕТКО И БОЖНА
Нивни деца: Коприна и Цвета.
КОПРИНА се омажила за ЈОВАН од село Брник.
Немале деца
ЦВЕТА се омажила за МИТРЕ од село Зовиќ кој дојде за домазет во Брник.
Нивни деца: Велика (1950 год.), Васа (1952 год.), Петко-Пецо (1954 год.), Божна (1956 год.) и Коприна (Коца).
ВЕЛИКА се омажила за ... во Охрид и таму живее со фамилијата.
Нивни деца: ... Имаат две деца.
ВАСА се омажила за ... во Битола.
Нивни деца: Имаат две деца.
ПЕТКО се оженил со ...
БОЖНА се омажила за ... во Охрид и таму живее.
Нивни деца: ...
КОПРИНА се омажила за ...

ТОДОРЧЕВЦИ
Тодорче, Трајанка, Божин и др.

ТОДОРЧЕ и ТРАЈАНКА
Немале свои деца, ја посвоиле МИЛАНКА од семејството ДОЛЕВЦИ.
МИЛАНКА се омажила за АЛЕКСАНДАР (Лецо) од село Ивени.
Нивни деца: Трајанка, Свилена, Ковилка (Коца) и Милена.

СИЉАНОВЦИ
ВИДА се оламажи за СИЉАН од село Брник, кој дојде како домазет во куќата на Вида.
Нивни деца: Неда, Менка, Миланка и Нечо.
НЕДА се омажила за БОШКО од село Брник.
Нивни деца: Драгица, Јованка (Вана) и Цане.
МЕНКА се омажила за ЈОВКО од село Рапеш.
Нивни деца: Стојан, Ристана и Васко.
МИЛАНКА е почината уште како чупа.
НЕЧО се ожени со жена од село Тепавци
Нивни деца: ...

КУРТОВЦИ
НЕВЕНА и РИСТЕ.
Нивни деца: Најденка, Крста и Јана.

НАЈДЕНКА се омажила за СРЕБРЕ од село Маково кој беше домазет во Брник.
Имаат едно дете по име Гоце (1953 год.).
НАЈДЕНКА имала и втор брак со МИТРЕ од село Брник.
Нивни деца: Магда (1956 год.), Верка, Ристе и Најдо.
КРСТА се омажила за МИЛЕ од село Брник.
Нивни деца: Иванка (1956 год.), Анастасија (Паца), Олгица, Благица и Загорка.
ЈАНА се омажила за ... во село Старавина.
Нивни деца: Дончо.
ГОЦЕ заминал Австралија, таму се оженил и е починат. Неговата фамилија остана да живее таму.
МАГДА се омажила за .... Во село Горно Оризари и има една ќерка.
ВЕРКА се омажила за ... Во село Бистрица.
Имале две деца.
РИСТЕ и НАЈДО не се женеа.

ЗДРАВЕВЦИ со презиме Стојановски
АТАНАС и МАРА.
Нивни деца: Здравеи ...
ЗДРАВЕ се оженил со НЕДА од село Рапеш.

Немале свои деца. На 10-годишна возраст го посвоиле Бино од село Полчишта.
БИНО се оженил со ИЛИНКА од село Брник.
Нивни деца: Здраве (1945 год.) и Менка (1948 год.)
ЗДРАВЕ се оженил за РИСТАНА од Битола, со потекло од село Мегленци.
Имале едно дете по име Александар.
МЕНКА се омажила за НИКОЛА од Битола.
Нивни деца: Снежана и Томислав.
СНЕЖАНА се омажила за ЗОРАН од село Новаци.
Имаат ќерка по име Изабела.
ТОМИСЛАВ се оженил со МАРИНА од село Белица.
Нивни деца: Никола и Ивона.

КОРЧАНОВЦИ со презиме Петковски
МАРИЈА и НИКОЛА.
Имаат една ќерка по име Грозда.
ГРОЗДА се омажила за ПЕТКО, кој дошол како домазет од село Ивени.
Нивни деца: Јован, Атанас, Никола (1945 год.), Роса (1948 год.) и Методија (Мице).
ЈОВАН се оженил со ЃУРЃА од село Брник.
Нивни деца: Љубе (1956 год.) и Диме.
АТАНАС е починат, а неговата фамилија живее во Австралија.
НИКОЛА (Сега е починат) се оженил со МАРА.
Нивни деца: Оливера.
РОСА заминала за Австралија и таму се омажила за ХАНС.
Нивни деца: Андријана и Денис.
МЕТОДИЈА (Мице)се оженил со ЛИЛЕ од Прилеп.
Нивни деца: Имаат две машки деца
ЉУБЕ се оженил за СЛАВИЦА од Демирхисарско.
Нивни деца: ...
ДИМЕ се ожени со **...**

МИЛЕВЦИ
Стојче и Менка, Силјан и Вида, Спасе и Цвета и др.
СТОЈЧЕ и МЕНКА.
Нивни девца: Ристе, Вангел, Илинка, Вида и Грозда.
СИЛЈАН отишол домазет за ВИДА - Погоре запишано како фамилија СИЛЈАНОВЦИ.
СПАСЕ и ЦВЕТА.
Нивни деца: Миле и Петре.

РИСТЕ се оженил со ВЕЛИКА од село Грумази.

Нивни деца: Љуба (1950 год.), Летка (1955 год.) и Најдо.
ВАНГЕЛ се ожени со ПАЦА од село Брник, од фамилија ЖБОНОВЦИ.
Нивни деца: Роза и Душко.
ИЛИНКА се омажила за БИНО од село Брник, во фамилија запишана како ЗДРАВЕВЦИ.
ВИДА се омажила за МЕТОДИЈА од село Брник, во фамилија запишана како РУМБОВЦИ.
ГРОЗДА се омажила за КРСТЕ од село Ивени.
Нивни деца:Гоце, Роза и Драгица.
МИЛЕ се оженил со КРСТА од село Брник.
Нивни деца: Иванка, Анастасија (Паца), Олгица, Благојка и Загорка.
ПЕТРЕ се оженил со НЕДА од село Брник.
Нивни деца: Љубе, Живко, Тоде и Мендо.
ЉУБА се омажила за СТЕВО од село Будимирци.
Нивни деца: Мендо и Горан.
ЛЕТКА се омажила за ФИДАН од село Доброени.
Нивни деца:... Имаат две деца.
НАЈДО се оженил со НОВКА од село ...
Нивни деца: Билјана (1981 год.), Светлана (1982 год.) и Ице.
ЉУБЕ се оженил со ВЕРКА од село Крклино.
Нивни деца: Елизабета и Николче.
ЖИВКО се оженил со ВАЛЕНТИНА од село Живојно.
Нивни деца: Стевче (е починат) и Емилија.
ТОДЕ се оженил со ...
Нивни деца: Натали.
ТОДЕ имал и втор брак со ЛИДИЈА (немале деца)

МЕНДО се оженил со ТАЊА од Неготино.
Нивни деца: Игорче.

РУЖИНОВЦИ со презиме Митревски
ДИМИТРИЈА и БОЖНА.
Нивни деца: Митре, Ристе, Трајко, Дончо, Симон, Неда, Аргида и Стојко.
МИТРЕ се оженил со ДЕПА од Вевчани.
Нивни деца: Аргида и Кристо.
РИСТЕ се оженил за ...
Нивни деца: ...
ТРАЈКО се оженил со ...
Нивни деца: ...
ДОНЧО се оженил со СЛАВКА од село Рапеш.
Нивни деца: Валери и Љубчо.
СИМОН се оженил со ВАСА од село Долно Ореово.

Имаат една ќерка, Јагода.
НЕДА се омажил за ТРАЈКО од село Чаништа.
Нивни деца: Јованка (1954 год.), Верка, Роса, Кире и ...
АРГИДА се омажила за ... во село Рапеш ...
Нивни деца: ...
СТОЈКО се оженил со ГРОЗДА од село Брник.
Нивни деца: Живко (1954 год.), Веселинка (1956 год.), Диме и Ристе.
ПЕТРЕ (Клензо) имал два брака и дошол како домазет во село Брник. За првата жена името е непознато, а втор брак склучил со МИТА од фамилијата Ружиновци.
Свои деца немале, па го посвоиле Христо.
ХРИСТО бил учесник во НОБ, таму се разболел и починал.

МАГДИНИ
МАГДА и НАЈДО
Нивни деца: Марија, Менка, Митре, Трајко Коле, Петра, Пара, Ѓурѓа и Доста
МАРИЈА се омажила за КОСТА од село Рапеш
МЕНКА се омажила за ... во село Ивени.
Нивни деца: ...
МИТРЕ се оженила со: МИТРА од село Ивени
Нивни деца: Цвета и ...
МИТРЕ имал и втор брак со НАЈДЕНКА.
Нивни деца: Магда, Верка, Ристе и Најдо.
ТРАЈКО се оженил со ...
Нивни деца: ...
КОЛЕ се оженил со ЃУРЃА од село Рапеш.
Нивни деца: ...
ПЕТРА се омажила за ЦВЕТКО од село Ивени
Нивни деца: ...
ПАРА се омажила за МИТРЕ од село Ивени.
Нивни деца: ...
ЃУРЃА се омажила за ЈОВАН од село Брник.
Нивни деца: Љубе и Диме.
ДОСТА се омажила за СПАСЕ од село Брник.

РУМБОВЦИ со презиме Трајковски
РИСТЕ и МЕНКА.
Нивни деца: Дончо, Методија, Верка, Љуба и Петра.
ДОНЧО се оженил со БОГДАНА од село Ивени.
Нивни деца: Рада (1941 год.), Видан-Вицко (1945 год.), Петко (1948 год.), Димко (1949 год.), Јовко (1950/51 год.), Севда (1952 год.) и Ристе (1955 год.).

МЕТОДИЈА се оженил со ВИДА од село Брник.
Нивни деца: Димитрија (1951 год.), Суна (1953 год.), Трендафил-Дачко (1955 год.) и Јорданка.
ВЕРКА се омажила за ПЕТРЕ од село Орле.
Нивни деца: Неда (1952/53 год.) и Елизабета.
ЉУБА се омажила за Ристе од село Маково.
Нивни деца: Трајко, Стојко и Ангелина.
РАДА се омажила за ЈОВАН од село Рапеш.
Нивни деца: ...
Сега живеат во Австралија.
ВИДАН заминал за Австралија, таму се ожени и таму живеат.
Нивни деца: Каролина и Валентина.
ПЕТКО се ожени со КАТА од село Маково.
Нивни деца: Марјан и Тони.
ДИМКО заминал за Австралија, таму се ожени и таму живеат.
ЈОВКО заминал за Австралија и таму се ожени со ЗОРА. Имаат три ќерки.
СЕВДА се омажила за ЈОВАН од село Будимирци.
Нивни деца: Елена и Тања.
РИСТЕ заминал за Австралија ...
Не е женет
ДИМИТРИЈА се оженил со БОЈАНА
Нивни деца: Игор и Дијана.
SУНА се омажила за ТРАЈКО од село Црничани.
Нивни деца: Александар и Јане
ТРЕНДАФИЛ (Дачко) се оженилсо РУЖА
Нивни деца: Менде и Даниел.
ЈОРДАНКА се омажила за ПЕЦО од Битола, со потекло од село Рибарци.
Нивни деца: Имаат една ќерка.

ТОДОРОВЦИ
ПЕТКО и МИТА.
Нивни деца: Стојан, Ѓорѓи, Божна, Петра и Велика.
СТОЈАН се оженил со ВЕЛИКА од Брник.
Нивни деца: Тодорка.
ЃОРЃИ се оженил и живеел во Шведска. Сега е починат. Неговата фамилија сè уште живее таму.
БОЖНА се омажила за РИСТЕ од село Брник.
Нивни деца: Раде, Малинка, Славинка и Летка
ПЕТРА се омажила за РИСТЕ од село Брник.
Нивни деца: Драги Доќа и Лена.
ВЕЛИКА се омажила за СТОЈАН од село Брник.
Нивни деца: Цане, Аце и Ване.

ОРЦАНО
ВЕЛКО и МЕНКА.
Немале деца.

Работејќи на родословот, дојдов до сознание дека во Брник добар број на бракови се склопувале во рамките на селото. Во Брник се среќаваа 26 фамилијарни имиња од кои со текот на годините се развиле поголем број семејства. Тоа се: Лопатичани, Бошковци, Дуповци, Долевци, Бачовци, Нишанциовци, Жбоновци, Нешини, Јаневци, Трпчевци, Стојовци, Богојовци, Николовци, Баловци, Петкојчини, Тодорчевци, Силјановци, Куртовци, Здравевци, Корчановци, Милевци, Ружиновци, Магдини, Румбовци, Тодоровци и Орцано.

Може да се види и дека поголем број семејства се запишани од фамилиите: Лопатичани, Бошковци, Бачовци, Жбоновци, Баловци, Милевци, Ружиновци, Румбовци и така натаму, но и тоа дека брничани склучувале бракови со личности од следните населени места: Од Брник во Брник, од Рапеш, Добровени, Грумази, Груништа, Маково, Ивени, Долно Ореово,Суводол, Бешишта, Старавина, Зовиќ, Будимирци, Горно Оризари, Брод, Цапари, Кравари, Полчишта, Билјаник, Новаци, Ношпал, Чарлија, Беранци, Рибарци, Мегленци, Кременица, Чаништа, Могила, Битола, Витолиште, Полог, Гнилеш, Сливица, Мојно, Врањевци, Балдовенци, Лавци, Драгош, Јанковец (Ресенско), Сопотница, Градешница, Барешани, Бучин, Вашарејца, Тепавци, Крклино, Живојно, Црничани, Српци, Бучин и други, како и од соседна Албанија и Црна Гора. Може да се заклучи и тоа дека најголемиот број од луѓето постепено и доброволно мигрирале во Австралија, Битола и во некои околни села како што е селото Долно Ореово.

Литература

- Андоновски, Б. (2019). Оживеани искри: Расфрлени гнезда (трилогија). Битола: Графопром.
- Андоновски, Б. (2019). Оживеани искри: Траги (трилогија). Битола: Графопром.
- Андоновски, Б. (2019). Оживеани искри: Спомени и сеќавања за Брник (трилогија). Битола: Графопром.
- Миновски, Н. и Темелковски, В. (2005). Селото Брник без брничани, НУ Завод за музеј, Битола, стр. 5